**2025234913**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ СЕ ПРОГЛАСУВАЊЕ ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Се прогласува Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 10 декември 2025 година.

Бр. 08-6989/1
10 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година (во натамошниот текст: Буџетот), се извршува според одредбите од овој закон.

Член 2

Буџетските корисници и единките корисници се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

### 2. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ БУЏЕТ

Член 3

Буџетските корисници кои во својот состав имаат единки корисници се должни да го контролираат наменското и законитото користење на средствата со кои располагаат единките корисници.

Буџетските корисници кои во рамки на својот буџет обезбедуваат средства за јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост, се должни да го контролираат наменското и законитото користење на овие средства.

Член 4

Буџетските корисници и единките корисници не смеат да преземаат обврски или да направат расходи над лимитот на одобрените средства со Буџетот.

Член 5

Техниката на наплата на приходите, извршувањето на расходите и управувањето со ликвидноста се врши во согласност со актите пропишани од министерот за финансии.

Член 6

Буџетските корисници од централната власт можат да ги користат средствата само доколку во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот, до Трезорот при Министерството за финансии доставаат годишен финансиски план по квартали за користење на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници се должни до секоја единка корисник, во рок од пет дена од денот на донесувањето на Буџетот, да доставаат извадок од годишниот финансиски план по сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани одобрените средства за одделните единки корисници.

Врз основа на извадокот од ставот 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, кои имаат обврска да го доставаат до надлежното министерство, а надлежното министерство консолидираниот финансиски план да го достави до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесувањето на Буџетот.

Во текот на годината, буџетските корисници од централната власт може да доставаат барање за измена на годишниот финансиски план по квартали за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно да се достави ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од централната власт изработуваат предлог-финансиски план за даден квартал, по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници, се должни до Трезорот при Министерството за финансии да доставаат и збирен квартален план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници.

Во текот на дадениот квартал, буџетските корисници од централната власт може да доставаат барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, во рамки на износите одобрени за дадениот квартал.

Средствата од Основниот буџет во Раздел 09002 - Министерство за финансии - Функции на државата, се користат без одобрување на финансиски план.

Во случај кога Владата на Република Северна Македонија одобрува средства од Раздел 09002 - Министерство за финансии - Функции на државата на друг буџетски корисник, средствата се одобруваат како финансиски план (право на трошење) во разделот на буџетскиот корисник.

Член 7

Буџетските корисници од централната власт во првиот квартал во тековната година се обврзани да реализираат најмалку 15% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет, со вклучени прераспределби на средства на ставките 480 - Купување на опрема и машини, 481 – Градежни објекти, 482 – Други градежни објекти, 483 – Купување на мебел и 486 – Купување на возила, во соодветните потпрограми во нивните буџети, со исклучок на Програмата М – Интеграција во ЕУ, Потпрограмата ВА – Интеграција во НАТО и Потпрограмата АА – Инфраструктурни проекти во општините.

Буџетските корисници од централната власт, заклучно со вториот квартал во тековната година, се обврзани да реализираат најмалку 40% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби на средства на ставките 480 - Купување на опрема и машини, 481 – Градежни објекти, 482 – Други градежни објекти, 483 – Купување на мебел и 486 – Купување на возила во соодветните потпрограми во нивните буџети, со исклучок на Програмата М – Интеграција во ЕУ, Потпрограмата ВА – Интеграција во НАТО и Потпрограмата АА – Инфраструктурни проекти во општините.

Буџетските корисници од централната власт, заклучно со третиот квартал во тековната година, се обврзани да реализираат најмалку 65% од планираните капитални расходи од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби на средства на ставките 480 – Купување на опрема и машини, 481 – Градежни објекти, 482 – Други градежни објекти, 483 – Купување на мебел и 486 – Купување на возила во соодветните потпрограми во нивните буџети, со исклучок на Програмата М – Интеграција во ЕУ, Потпрограмата ВА – Интеграција во НАТО и Потпрограмата АА - Инфраструктурни проекти во општините.

Доколку буџетските корисници од централната власт не постапат согласно со ставовите 1, 2 и 3 на овој член, за неискористените средства до пропишаниот лимит (остатокот до 15%, до 40%, односно до 65%), Министерството за финансии по службена должност врши прераспределба на ставка 414 – Резерви за капитални расходи во рамките на буџетот на буџетскиот корисник, без право на трошење.

Доколку буџетските корисници од централната власт заклучно со вториот квартал во тековната година реализирале 40% од капиталните расходи на ниво на потпрограма и ставка од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби на средства, односно заклучно со третиот квартал во тековната година реализирале 65% од капиталните расходи на ниво на потпрограма и ставка од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби на средства, прераспределените средства од ставот 4 на овој член, Министерството за финансии, по службена должност, ги враќа на соодветната потпрограма и ставка од каде што биле прераспределени.

Доколку буџетските корисници од централната власт заклучно со 15 ноември во тековната година реализирале 70% од капиталните расходи на ниво на потпрограма и ставка од донесениот основен буџет со вклучени прераспределби на средства, прераспределените средства од ставот 4 на овој член Министерството за финансии, по службена должност, ги враќа на соодветната потпрограма и ставка од каде што биле прераспределени.

Обврските предвидени во ставовите 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член не се однесуваат на буџетскиот корисник Собрание на Република Северна Македонија.

На предлог на Владата на Република Северна Македонија, за користењето на средствата од ставката 414 – Резерви за капитални расходи кои не се вратени согласно со ставот 5 на овој член, одлучува Собранието на Република Северна Македонија со Одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници и фондовите или со донесување измени и дополнувања на Буџетот.

Доколку во роковите предвидени од ставовите 2, 3 и 6 на овој член се подготвуваат и донесуваат измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за тековната година, Министерството за финансии не постапува согласно со ставовите 4, 5 и 6 на овој член.

Доколку во рокот предвиден од ставот 2 на овој член се донесат измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија за тековната година, Министерството за финансии не постапува согласно со ставот 4 на овој член.

Член 8

Исплатата на плати на буџетските корисници од централната власт и единките корисници ја одобрува Министерството за финансии.

Буџетските корисници од централната власт и единките корисници, се должни два дена пред исплатата на плати до Министерството за финансии да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе го приложат образецот Ф - 1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци предвидени во образецот во пишана и во електронска форма за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Во случај на нови вработувања, буџетските корисници од централната власт и единките корисници се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М - 1.

Раководното лице на буџетскиот корисник и единката корисник е одговорно дека доставеното барање за одобрување на средствата за плати е во согласност со закон.

Формата и содржината на образецот Ф – 1 ја пропишува министерот за финансии.

Член 9

Вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите, доколку по друг правен основ не остваруваат право на додаток на плата, имаат право на додаток на плата во висина до 30% од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа.

Поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и начинот на утврдување на висината на додатокот на плата од ставот 1 на овој член, на предлог на Министерството за финансии, ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.

Вработените кои вршат работи директно поврзани со управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) во буџетскиот корисник кој е надлежен за извршување на мерките за директни плаќања во земјоделството и руралниот развој и спроведување на мерките за државна помош во земјоделството, имаат право на додаток на плата во висина од 15% од износот на основната плата, доколку истите не го остваруваат правото на додаток на плата по друг правен основ.

Правото на додатоците на плата од ставовите 1 и 3 на овој член, се остварува само доколку во буџетот на буџетските корисници, единките корисници и фондовите се обезбедени средства за оваа намена.

Член 10

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници, од денот на нивното именување заклучно со денот на нивното разрешување, им следува надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството во висина од 30% од просечната месечна нето-плата исплатена во Република Северна Македонија во претходните три месеци.

Одвоен живот од семејството се смета кога лицата од ставот 1 на овој член кои имаат семејство за издржување засноваат работен однос во орган на управа надвор од нивното живеалиште, а во местото каде што е седиштето на органот во кој имаат засновано работен однос не живеат со нивното семејство.

Надоместокот за трошоците за одвоен живот не им припаѓа на лицата од ставот 1 на овој член, доколку местото на живеење е оддалечено помалку од 100 километри од местото на работење.

На избраните и именуваните функционери кај буџетските корисници и единките корисници кои користат надоместок за одвоен живот од семејството не им следува надоместок за трошоци за превоз и патарини заради посета на потесното семејство.

Член 11

На лицата на кои им следува право на користење службен стан согласно со закон, доколку истиот не може да им биде обезбеден, имаат право на надоместок за закупнина на стан. Владата на Република Северна Македонија ќе ја определи висината на надоместокот за закупнина на стан.

Надоместокот на трошоците за одвоен живот и надоместокот за закупнина на стан меѓусебно се исклучуваат.

Член 12

Одредбите од членовите 10 и 11 од овој закон се применуваат и на лицата на служба во Армијата на Република Северна Македонија и во Министерството за внатрешни работи, на кои им следуваат овие права согласно со закон.

Член 13

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуствува од работа по која било друга основа, надоместокот за одвоен живот не се исплаќа.

Член 14

Надоместокот на трошоци за селидба на лица на кои им следува право на користење службен стан се исплаќа во висина на вистинските трошоци за превоз на покуќнината.

Надоместокот на трошоци за селидба не следува доколку на вработениот му се исплаќа надоместок за одвоен живот.

Член 15

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци, на вработениот му се исплаќа еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето-плата во органот каде што е вработен.

Член 16

Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплаќа двократен износ за отпремнина, пресметан врз основа на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Член 17

Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплаќаат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта.

Член 18

Буџетските корисници правата стекнати по основ на членовите 10, 11, 12, 14, 15, 16 и 17 од овој закон, ги исплаќаат од одобрените средства од Буџетот.

Член 19

Буџетските корисници и единките корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, јавните претпријатија, агенции и јавно правните субјекти основани од централната власт, како и трговските друштва основани од Република Северна Македонија, освен независните регулаторни тела со јавни овластувања утврдени со закон, можат да пополнуваат работни места преку постапка за вработување на определено време и на неопределено време, постапка за унапредување или постапка за мобилност и да склучуваат договори за отстапување работник за привремени вработувања за вршење привремени работи, само под услов ако за тоа се обезбедени финансиски средства во Буџетот на Република Северна Македонија, односно во финансиските планови за тековната фискална година.

Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето за пополнување работно место, писмено ги известува субјектите од ставот 1 на овој член за обезбедените финансиски средства за пополнување на работното место преку постапка за вработување, унапредување или мобилност на вработени меѓу институциите од јавниот сектор. Раководителот на правниот субјект е одговорен дека за пополнување на работното место преку постапка за вработување има обезбедено финансиски средства за тековната година.

За пополнување работно место преку постапка на мобилност со постапка за распоредување во рамките на буџетскиот корисник или единка корисник и за пополнување работно место преку постапка на мобилност меѓу единки корисници кои се во надлежност на ист буџетски корисник, согласност дава раководителот на буџетскиот корисник, врз основа на обезбедените буџетски средства во масата на плати.

Раководителот на буџетскиот корисник доставува известување до Министерството за финансии за дадените согласности за мобилност меѓу единките корисници.

При доставување барање за вработување во единки корисници, раководителот на правниот субјект доставува Табеларен преглед, кој содржи податоци за: број на вработени со состојба 31 декември во последните три години, планирани средства во масата на плати, исплатени средства од масата на плати до моментот на поднесување на барањето за вработување, потребни средства за исплата на плата до крајот на годината за постојните вработени, потребни средства за нереализираните вработувања за кои има издадено претходно известување за обезбедени финансиски средства и потребни средства за бараниот број нови вработувања до крајот на годината. Раководителот на правниот субјект, во прилог на барањето, доставува и потпишана изјава, со која потврдува дека во рамките на масата на плати има обезбедено средства за бараните вработувања.

При доставување на барањето од ставот 2 на овој член, за пополнување работно место во јавните претпријатија, агенциите и трговските друштва основани од Република Северна Македонија, раководителот на правниот субјект доставува финансиски и други податоци за бараното вработување, како и потпишана изјава за обезбедени средства за реализација на истото во Финансискиот план на правниот субјект за тековната година, одобрен од надлежните органи согласно со закон.

Собранието на Република Северна Македонија за согласност за обезбедени финансиски средства постапува согласно со Законот за Собранието на Република Македонија.

Фондовите се должни еднаш годишно и при доставување барање за вработување да приложат табеларен преглед за последно исплатената плата, кој содржи податоци за бројот на постојните вработени по име и презиме, исплатена плата, додатоци и надоместоци на плата.

Фондот за здравствено осигурување е должен еднаш годишно и при доставување барање за вработување кај единка корисник која е во негова надлежност, да приложи табеларен преглед за последно исплатената плата, кој содржи податоци за бројот на постојните вработени по име и презиме, исплатена плата, додатоци и надоместоци на плата.

## 2.1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ РАСХОДИ УТВРДЕНИ ВО ОСНОВНИОТ БУЏЕТ

### Член 20

Средствата утврдени во ставка 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, не може да се прераспределуваат за други намени во текот на годината, врз основа на барање на буџетскиот корисник.

### Член 21

Средствата утврдени во Раздел 04001 – Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 16 – Поддршка за печатење и дистрибуција на печатени медиуми, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

### Член 22

Средствата утврдени во Раздел 04002 – Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Потпрограма 1А – Реконструкција на згради на владини органи, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија на предлог на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Средствата утврдени во Раздел 04002 – Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Потпрограма 10 – Администрација, ставка 461 – Субвенции за јавни претпријатија, се користат по претходно донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија на предлог на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

### Член 23

Средствата утврдени во Раздел 04010 – Министерство за односи меѓу заедниците, Потпрограма 11 – Промоција на меѓуетнички односи, ставка 463 – Трансфери до невладини организации кои се наменети за финансирање програмски активности на здруженија на граѓани и фондации, ќе се користат врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за односи меѓу заедниците.

Здруженијата и фондациите до Министерството за односи меѓу заедниците доставуваат програми за намената на бараните средства, по претходно распишан оглас.

Средствата утврдени во Раздел 04010 – Министерство за односи меѓу заедниците, Потпрограма 12 – Одбележување на годишнина на Рамковниот договор, ставка 425 – Договорни услуги, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за односи меѓу заедниците.

Средствата утврдени во Раздел 04010 – Министерство за односи меѓу заедниците, Потпрограма 16 – Одбележување на националниот ден на етничките заедници, ставка 425 – Договорни услуги, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за односи меѓу заедниците.

Член 24

Во Раздел 09001 – Министерство за финансии, Потпрограма 11 – Денационализација, ставка 425 – Договорни услуги, се обезбедуваат средства за исплата на трошоци и надоместоци за Комисиите за денационализација.

Член 25

Во Раздел 09002 – Министерство за финансии - Функции на државата, Потпрограма 20 – Функции, ставка 426 – Други тековни расходи, се обезбедуваат средства за плаќање провизии за платен промет, за извршени услуги и за други трошоци.

Член 26

Средствата утврдени во Раздел 09002 – Министерство за финансии – Функции на државата, потпрограма 20 – Функции, категории 45 – Каматни плаќања и 49 – Отплата на главнина и одлив, за отплата на камата и главнина по основ на странски и домашен долг, како и средствата утврдени во ставка 466 – Плаќања по гаранции и ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства, се користат за плаќање на обврски на државата согласно со одредбите од склучените договори, како и краткорочни позајмици кои се враќаат до крајот на фискалната година и се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Средствата утврдени во Раздел 09002 – Министерство за финансии – Функции на државата, потпрограма 20 – Функции, ставка 494 – Одлив по дадени заеми кон институции, се користат врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија, а на предлог на Министерството за финансии.

Член 27

Во Раздел 09002 – Министерство за финансии – Функции на државата, се планирани средства за финансирање на проектите од одделните програми од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ), освен во разделот 14001 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и разделот 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, каде се планирани средства за национално кофинансирање од ИПА – Рурален развој.

При ненавремен трансфер на средствата од ЕУ наменети за финансирање на проектите од одделните програми од ИПА, средствата ќе се обезбедат од буџетите на ресорните институции од ставот 1 на овој член.

При извршување, приоритет во исплатата на средствата ќе има финансирањето на проектите од одделните програми од ИПА.

Член 28

Во Раздел 09002 – Министерство за финансии – Функции на државата, Потпрограма 20 – Функции, ставка 465 – Исплата по извршни исправи, се обезбедуваат средства за плаќање извршни исправи во случај кога е должник Република Северна Македонија. Овие средства се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 29

Во Раздел 09002 – Министерство за финансии – Функции на државата, Потпрограма 20 – Функции, ставка 480 – Купување на опрема и машини, се обезбедуваат и средства за враќање данок на додадена вредност при реализација на донација од јавен интерес, како и средства за враќање данок на додадена вредност и акцизи за реализација на проекти врз основа на договори меѓу Владата на Република Северна Македонија и странски донатори, во кои стои клаузула дека донираните средства не можат да се користат за плаќање даноци. Овие средства се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена.

Член 30

Средствата утврдени во Раздел 09002 – Министерство за финансии – Функции на државата, Потпрограма А0 – Децентрализација, ставка 441 – Дотации од ДДВ, се пренесуваат на сметките на општините врз основа на уредба, донесена од Владата на Република Северна Македонија.

Член 31

Средствата утврдени во Раздел 10101 – Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Потпрограма 3Д – Гасификација, ставка 464 – Разни трансфери, се користат врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Член 32

Средствата утврдени во Раздел 12101 - Министерство за животна средина и просторно планирање, Потпрограма 2Е – Колекторски систем Охрид и Струга, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 33

Средствата утврдени во Раздел 13001 – Министерство за транспорт, Потпрограма 11 – Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488 – Капитални дотации до ЕЛС, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт.

Распределбата на средствата од ставот 1 на овој член, ја врши Владата на Република Северна Македонија, со одлука на предлог на Министерството за транспорт.

Средствата утврдени во Раздел 13001 - Министерство за транспорт, Потпрограма 20 – Сообраќај и комуникации, ставка 464 – Разни трансфери, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт.

Средствата утврдени во Раздел 13001 – Министерство за транспорт, Потпрограма 2М – Инвестиции во патна инфраструктура, ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт.

Средствата утврдени во Раздел 13001 – Министерство за транспорт, Потпрограма 30 – Урбанизам и градежништво, ставка 482 – Други градежни објекти, се користат по претходно донесена програма од министерот за транспорт.

Средствата утврдени во Раздел 13001 – Министерство за транспорт, Потпрограма ДА – Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 461 – Субвенции за јавни претпријатија, се користат согласно со донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт.

Средствата утврдени во Раздел 13001 – Министерство за транспорт, Потпрограма ДА – Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, се користат по претходно донесена годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт.

Средствата утврдени во Раздел 13001 - Министерство за транспорт, Потпрограма 20 – Сообраќај и комуникации, ставка 482 – Други градежни објекти, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт.

Член 34

Средствата утврдени во Раздел 14001 -Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Потпрограма 51 - Заштита на растенија, ставка 464 - Разни трансфери, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Средствата утврдени во Раздел 14001 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Потпрограма 60 – Водостопанство, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Средствата утврдени во Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, во Потпрограма 6Д - Програма за наводнување, ставка 425 - Договорни услуги и ставка 482 – Други градежни објекти, се извршува без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена во текот на годината и истите се рефундираат од сметката за заем за истата намена во раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Доколку до крајот на месец ноември во тековната година не се изврши рефундирање на средствата од ставот 3 на овој член Трезорот, по службена должност, врши пренамена на средства од Буџетот на раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, од сите ставки и програми.

Средствата утврдени во Раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Потпрограма МД – Рурален развој, ставка 425 – Договорни услуги, се извршува без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена во текот на годината, и истите делумно се рефундираат од сметката за донации во раздел 09002 - Министерство за финансии – функции на држава, Потпрограма МД – Рурален развој.

Доколку до крајот на месец ноември во тековната година не се изврши рефундирање на средствата од ставот 5 на овој член, Трезорот по службена должност врши пренамена на средства од Буџетот на раздел 14001 - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 35

Средствата утврдени во Раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Потпрограма 20 – Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 – Разни трансфери, Потпрограма 21 – Интервентен фонд за

земјоделството, ставка 464 – Разни трансфери, Потпрограма 22 – Поттикнување на потрошувачка на свежо овошје, млеко и млечни производи, ставка 464 – Разни трансфери, Потпрограма 23 – Поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност, ставка 464 – Разни трансфери, Потпрограма 24 - Финансиска поддршка во органско земјоделско производство, ставка 464 – Разни трансфери, Потпрограма 2А – Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, како и средствата утврдени во Потпрограма 2Б - Финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата, ставка 464 - Разни трансфери, се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 36

Средствата утврдени во Раздел 14005 – Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија, Потпрограма 20 – Ветеринарно-здравствена заштита, ставка 464 – Разни трансфери, Потпрограма 30 – Безбедност на храна, ставка 464 – Разни трансфери и Потпрограма 40 – Ветеринарно јавно здравство, ставка 464 – Разни трансфери, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

Член 37

Средствата утврдени во Раздел 15001 – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 10 – Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, ќе се користат со одлука на Владата на Република Северна Македонија за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, здруженијата на граѓани за борба против семејното насилство и Црвен крст на Република Северна Македонија, согласно со Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Средствата утврдени во Раздел 15001 – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 3А – Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, се користат по претходно донесена Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Средствата утврдени во Раздел 15001 – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 4А – Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица, се користат по претходно донесена Програма за изградба, опремување и одржување објекти за социјална заштита и домови за стари лица од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Средствата за заштита на социјално загрозеното население, утврдени во Раздел 15001 – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 50 – Надоместоци за социјална заштита, ставка 471 – Социјални надоместоци, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија и комплетирана документација од страна на центрите за социјална работа.

Средствата за исплата на детски и родителски додаток утврдени во Раздел 15001 – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 52 – Надоместоци за детска заштита, ставка 471 – Социјални надоместоци, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија и комплетирана документација од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Средствата за извршување на обврските на Република Северна Македонија по основа на пензиско и инвалидско осигурување утврдени со закон во Раздел 15001 – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 60 – Поддршка на социјални фондови, ставка 431 – Трансфери до Фондот за ПИОМ, се исплаќаат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, по претходно доставена пресметка од Фондот до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Средствата за извршување на обврските на Република Северна Македонија по основа на капитално финансирано пензиско осигурување утврдени со закон, во Раздел 15001 – Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма 61 – Транзициони трошоци по основ на пензиска реформа, ставка 431 – Трансфери до Фондот за ПИОМ, се исплаќаат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, по претходно доставена пресметка од Фондот до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Член 38

Буџетскиот корисник на централниот буџет при прераспределба на средства во рамки на одобрениот буџет, а кои се однесуваат на зголемување или намалување на расходната ставка 431 – Трансфери до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, мора соодветно да обезбеди и прераспределба на средствата утврдени во буџетот на Фондот.

Член 39

Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија до Министерството за финансии доставува полугодишен и годишен извештај, со образложение за висината и за намената на искористените средства од членот 37 ставови 6 и 7 од овој закон, како и образложение за преземените и планираните мерки за зголемување на наплатата на даночните и неданочните приходи во негова надлежност и предлози за намалување на трансферите, најдоцна еден месец по завршување на извештајниот период.

Член 40

Средствата утврдени во Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, Потпрограма 50 – Ученички стандард, Потпрограма ТИ – Реконструкција на ученички домови, Потпрограма 60 – Студентски стандард и Потпрограма ТК – Изградба и реконструкција на студентски домови, се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, Потпрограма 71 – Научно-истражувачка работа, се користат по претходно донесена програма за научно-истражувачка дејност од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, Потпрограма ТА – Изградба на основни училишта и ТБ – Реконструкција на основни училишта, се користат по претходно донесена Програма за изградба и реконструкција на основни училишта од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, Потпрограма ТГ – Изградба на средни училишта и ТД – Реконструкција на средни училишта, се користат по претходно донесена Програма за изградба и реконструкција на средни училишта од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за образование и наука.

Средствата утврдени во Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, Потпрограма ТЛ – Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови, ставка 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, ставка 423 – Материјали и ситен инвентар, ставка 425 – Договорни услуги, ставка 426 – Други тековни расходи и ставка 482 – Други градежни објекти, се извршуваат без оглед на планираната буџетска алокација за оваа намена во текот на годината и истите се рефундираат од сметката за заеми и сметката за донации за истата намена во Раздел 16001 – Министерство за образование и наука.

Доколку до крајот на месец ноември во тековната година не се изврши рефундирање на средства од ставот 5 на овој член Трезорот, по службена должност, врши пренамена на средства од Буџетот на Раздел 16001 – Министерство за образование и наука, од сите ставки и програми.

Член 41

Средствата утврдени во Разделот 16201 – Министерство за спорт, Потпрограма 20 – Спорт, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, се користат со одлука на Владата на Република Северна Македонија за финансирање на спортот, за спортските федерации и клубови, согласно со Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Средствата утврдени во Разделот 16201 – Министерство за спорт, Потпрограма 40 – Меѓународна програма, ставка 463 – Трансфери до невладини организации, се користат по претходно донесена програма за развој на спорт и млади од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за спорт.

Член 42

Средствата утврдени во Потпрограма АА – Инфраструктурни проекти во општините, ставка 488 – Капитални дотации до ЕЛС, се користат врз основа на Програма донесена од Владата на Република Северна Македонија, а на предлог на Министерството за локална самоуправа. Исплатата на средствата се врши врз основа на склучените договори, по изведени работи и комплетна исплатна документација.

Член 43

Средствата утврдени во Раздел 19001 – Министерство за здравство, Потпрограми 40, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 65, 66, 67, 68 и 69 се користат по претходно донесени програми од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за здравство.

Распределбата на средствата утврдени во Потпрограмата 68 – Болничко лекување без наплата на партиципација за пензионери и одделни социјални категории, Министерството за здравство ја планира во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Член 44

Средствата утврдени во Раздел 19101 – Министерство за локална самоуправа, Потпрограма ОА – Рамномерен регионален развој, ставка 464 – Разни трансфери, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за локална самоуправа.

Средствата утврдени во раздел 28001 – Биро за регионален развој, Потпрограма ОА – Рамномерен регионален развој, ставка 488 – Капитални дотации до ЕЛС и ставка 489 – Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Бирото за регионален развој.

Член 45

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за наменски и блок дотации се пренесуваат на сметките на општините врз основа на уредби донесени од Владата на Република Северна Македонија, во динамика усогласена со Министерството за финансии.

Неискористените средства од ставот 1 на овој член, Општините ги враќаат во Буџетот на Република Северна Македонија, најдоцна до 31 декември 2026 година.

Доколку Општините не постапат согласно со одредбите од ставот 2 на овој член, Трезорот, по службена должност, врши поврат на неискористените средства од блок дотациите.

Член 46

Буџетските корисници кои се обврзани да изготват Програми за користење средства од Буџетот, се должни до Владата на Република Северна Македонија да ги достават истите во рок од 30 дена од денот на објавувањето на Буџетот во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Владата на Република Северна Македонија е должна да ги донесе Програмите од ставот 1 на овој член во рок од 30 дена од денот на доставувањето од страна на буџетските корисници.

Буџетските корисници до Министерството за финансии доставуваат полугодишен и годишен извештај за реализација на програмите, најдоцна еден месец по завршување на извештајниот период.

Член 47

Поврат на приходи уплатени во Буџетот се врши во случај кога се работи за погрешно, повеќе уплатени, односно наплатени приходи, за уплатени приходи по кои не е настанато правно дејство, како и во случаи кога е остварено право на поврат на уплатени приходи согласно со закон и подзаконски акти.

Пренасочување приходи уплатени во Буџетот се врши единствено кога се работи за погрешно уплатени приходи.

Повратот, односно пренасочувањето на приходите од ставовите 1 и 2 на овој член, освен приходите од ставовите 4, 5 и 6 на овој член, се врши со решение на Министерството за финансии. По исклучок за грешки настанати при вршење платен промет, повратот, односно пренасочувањето, со налог го врши Трезорот по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Поврат, односно пренасочување на приходите за кои е надлежна Управата за јавни приходи, се врши со решение на Управата за јавни приходи. По исклучок за грешки настанати при вршење платен промет повратот, односно пренасочувањето, со налог го врши Управата за јавни приходи по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Поврат, односно пренасочување на приходите за кои е надлежна Царинската управа, се врши со решение на Царинската управа. По исклучок за грешки настанати при вршење платен промет повратот, односно пренасочувањето, со налог го врши Царинската управа, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Поврат, односно пренасочување приходи кои со својата дејност ги остваруваат органите на државната управа на посебните сметки, се врши со решение на органот на државната управа. По исклучок за грешки настанати при вршење платен промет повратот, односно пренасочувањето, со налог го вршат органите на државната управа, по писмено барање од страна на носителот на платниот промет и доказ за направената грешка.

Во постапката за поврат на приходите од ставот 1 од овој член не се засметува камата, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Член 48

Рокот за завршување на постапката за поврат, односно пренасочувањето на приходите, не може да биде подолг од 60 дена од денот на приемот на барањето, односно од денот на комплетирање на документацијата во врска со барањето за поврат, односно пренасочување на приходите.

Член 49

Правото на поврат на приходи застарува во рок од пет години од денот кога истите се уплатени, односно од денот на дознавањето дека истите се повеќе или погрешно уплатени или по кои не е настанато правно дејство, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Како ден на дознавање од ставот 1 на овој член се смета датумот на донесен акт од надлежен орган согласно со закон или друг соодветен акт со кој е утврдено правото на поврат, односно со кој може да се оствари правото на поврат.

3. ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТИТЕ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ, ДОНАЦИИ И ЗАЕМИ

Член 50

Средствата утврдени во Раздел 09004 – Агенција за стоковни резерви, Потпрограма 20 – Управување со стоковни резерви, ставка 484 – Стратешки стоки и други резерви, се користат по претходно донесена програма за формирање на стоковните резерви за 2026 година од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Агенцијата за стоковни резерви.

Член 51

Средствата утврдени во Раздел 09007 – Агенција за задолжителни нафтени резерви - МАКОРА, Потпрограма 20 – Задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, ставка 484 – Стратешки стоки и други резерви, се користат по претходна програма за формирање задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати за 2026 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

Член 52

Средствата утврдени во Раздел 14001 – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Потпрограма 53 – Државна фитосанитарна лабораторија, ставка 464 – Разни трансфери, се користат по претходно донесена програма од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 53

Приходите остварени од самофинансирачки активности, од донации и заеми, буџетските корисници од централната власт можат да ги користат за намените и во висина на износите утврдени со Буџетот врз основа на годишен финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки и истиот е потребно да се достави до Трезорот при Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесување на Буџетот.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници, се должни до секоја единка корисник во рок од пет дена од денот на донесувањето на Буџетот да достават извадок од годишниот финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, во кој се содржани одобрените средства за одделните единки корисници.

Врз основа на извадокот од ставот 2 на овој член, единките корисници изготвуваат свој финансиски план по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки, кој имаат обврска да го достават до надлежното министерство и до Министерството за финансии во рок од 25 дена од денот на донесување на Буџетот.

Во текот на годината буџетските корисници од централната власт можат да достават барање за измена на годишниот финансиски план по квартали, за користењето на средствата по сметки, програми, потпрограми и ставки, за расходи кои не можеле да бидат навремено планирани и за истото е потребно буџетските корисници од централната власт да достават ревидиран годишен финансиски план по квартали.

Врз основа на годишниот финансиски план, во текот на годината, буџетските корисници од централната власт изготвуваат предлог-финансиски план за даден квартал, по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, кој го доставуваат до Трезорот при Министерството за финансии, најдоцна пет дена пред почетокот на кварталот за кој се однесува планот, заради негово одобрување.

Буџетските корисници од централната власт кои во својот состав имаат единки корисници, се должни до Трезорот при Министерството за финансии да достават и збирен квартален план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки за своите единки корисници.

Во текот на дадениот квартал буџетските корисници од централната власт можат да достават барање за измена на кварталниот финансиски план по месеци, сметки, програми, потпрограми и ставки, во рамки на износите одобрени за дадениот квартал.

Член 54

Прераспределбата на утврдените средства на посебните сметки меѓу расходните ставки, програми и потпрограми во рамките на буџетот на буџетскиот корисник, се врши со претходна согласност на министерот за финансии.

## 4. ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРЕЗЕМЕНИТЕ ОБВРСКИ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ

Член 55

Буџетските корисници водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски и преземени обврски за тековната година во пропишаните обрасци согласно со Законот за буџетите.

## 5. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАСХОДИ ОД СМЕТКИТЕ НА БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ ПО ОСНОВ НА ПРИСИЛНА НАПЛАТА

Член 56

Средствата за исплата по налози за извршување (решенија за присилна наплата и налози за извршување - спецификации доставени од Народната банка на Република Северна Македонија), се извршуваат од ставката 465 – Исплата по извршни исправи.

За извршување на налозите за извршување - спецификации Министерството за финансии, по службена должност, врши пренамена на ставката 465 – Исплата по извршни исправи во висина на потребниот износ од другите ставки каде има расположливи средства во рамки на буџетот на буџетскиот корисник, освен од ставките за исплата на Плати и надоместоци, независно од основата на извршната исправа.

По исклучок од ставот 2 на овој член, за раздел 09002 – Министерство за финансии - Функции на државата, ќе се применува членот 28 од овој закон.

## 6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 57

Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година ќе се извршува од 1 јануари до 31 декември 2026 година.

### Член 58

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.